НАЦРТ

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 36, став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ", бр. 05/02) и член 7 од Законот за Културата - пречистен текст („Службен Весник на РМ", бр. 66/03) Советот на општината Куманово, на седницата одржана на 02 јули 2009 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## За културата во Општина Куманово за период од 2009-2013 година

**ВОВЕД:**

1. Со Законот за локалната самоупрва се утврдени надлежностите на локалната самоуправа во областа на Културата и тие се дефинирани како : институционална и финансиска поддршка на Културните установи и проекти, негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирање на културни манифестации, потикнување на разовидни специфични форми на творештво.

   Со оваа Програма се утврдува локалниот интерес во културата, соодветен на специфичностите и развојните потреби на локалната заедница - општината Куманово и, истовремено, компатибилен со целите, стратегијата, општите и одделните приоритети кои се однесуваат на локалните заедници, а кои се утврдени во Законот за локалната самоуправа, Законот за културата и посебните закони од одделните области на културата.

**ПРИНЦИПИ И ЦЕЛИ:**

I. Сфаќајќи ја културата во локалната заедница како континуиран и отворен систем, кој се потпира врз традицијата, но исто така има улога на надградба на актуелната реалност со нови остварувања и вредности, таа се гради врз неколку основни принципи: достапност, разновидност, отвореност, одговорност и флексибилност.

   **Достапноста** е принцип кој овозможува остварувањето на културните права да биде достапно на сите граѓани во општината и пошироко. Достапноста може да стане контрапродуктивна во случаевите на имплементацијата на присутниот повисок степен на интерес за квази - културните содржини, при што таквата социјализација во културата неретко ги промовира шундот и кичот како масовни опшествени феномени. Заради тоа, принципот на достапност нужно треба да се остварува за квалитетни културни понуди, со цел тие да не комуницираат со ограничен круг на публика или елитизмот, но ќе се обезбедува поквалитетна и порационална алтернатива на, во пракса се уште доста присутниот, неквалитет во културниот живот.

   **Разновидноста** како принцип ги изразува различните искуства и вредности на поединецот, на социјалните групи и на идентитетот на етничките заедници во Општината како мултиетничка, а со тоа и мултикултурна средина.

   Истовремено, разновидноста има за цел да се одбегне стандардизирањето и упросечувањето на културните содржини, ризикот тие да наликуваат на сериски индустриски производи и, како такви, сурогат, наспроти потреба низ нив да се изразува автентичниот интерес за вистинските вредности и препознавање низ културата на индивидуалниот, групниот или националниот идентитет. Нивната дивергенција е потребна само доколку смислата на нивното остварување е нивното меѓусебно проникнување и творечка синтеза, како нов квалитет. Разновидноста, освен во содржинскиот дел, е

потребна и во изразените форми на културната понуда, во кој посебно место имаат културните манифестации од истоветен или мултимедијален карактер.

**Отвореноста** ги оневозможува ризиците културниот живот во Општината да се развива според концепт на затворен, ретрограден систем. Овој принцип создава мостови на поврзување и комуникација со културните вредности на другите средини, на национално и на меѓународно ниво.

**Одговорноста** е принцип кој воспоставува стандарди на одговорност на културната мисија, стандарди на примената на принципите и критериумите, на квалитетот, на рационалната употреба на средства во имплементацијата и стандарди на контола.

**Флексибилноста** како принцип подразбира концепт на вклученоста на разновидни субјекти во реализација на културните програми и проекти, а на само професионалните установи, како флексибилен приод заради поголемо вклучување на учесниците во креирањето на културната понуда врз волонтерска основа (НВО, поединци и др.). Дури, обезбедувањето на различните модели на заедничката ангажираност помеѓу сите субјекти врз фокусирани и продуктивни културни содржини во вистинска мерка може да обезбеди висок степен на рационалност и квалитет во културниот живот, бидејќи на таков начин се прави синтеза на различните ресурси со заедничка цел (на пр. ако професионалните установи располагаат со објекти, простор, опрема и сл., другите субјекти можеби имаат креативни иницијативи или други иновативни ресурси) .

II. Применувајќи ги принципите како ефикасен модел на организирањето на заедницата во сферата на културниот живот, содржините и формите на културното творештво и презентацијата (културната понуда) во локалната заедница имаат неколку стратешки цели.

**Децентрализацијата** на културата е основна цел и императив на демократскиот развој на опшеството. Децентрализацијата на културата, сфатена како синоним на демократизацијата на опшеството, во вистинска смисла на зборот овозможува примена на непосреден интерес на граѓаните во Општината во сферата на културата. Во тој поглед, граѓаните имаат рамноправно учество и како творци и како конзументи.

За остварување на оваа цел потребно е натамошно институционално јакнење на културата во општината, поголем степен на дисперзија на културните проекти од големите културни центри во Општината, како и разработен концепт на културниот развој и дисперзија на културните содржини од градот Куманово во руралните средини во Општината.

Остварувањето на **културата како развојна компонента** на економската и духовната репродукција на заедницата, а не со третман на општествена потрошувачка, е исто така значајна цел. Културата како ресурс за развој на локалната заедница побарува имплементација на нејзиниот поширок поим, пред сѐ, како начин за подобрување на квалитетот на живеењето и однос кон сите опшествени и природни добра. Во тој контекст, еколошките иницијативи, естетизација на урбаниот и друг простор, културниот туризам и слични подрачја сеуште се недоволно вградени во културните проекти и при што особено недостасува позначаен инпут за локалното партнерство помеѓу субјектите во културата, бизнис - секторот и невладиниот сектор.

Оваа цел во голема мерка може да оствари широки потенцијали на нашата локална заедница и токму во основните пунктови од интерес на општината, а тие се : негувањето на културното наследство, фолклорот, традицијата, обичаите и старите занаети.

Една од примарните цели на секоја стратегија за развој се **културните потреби на младите.** Поддршката на локалната самоуправа на културните програми и проекти од и за младите претставува особен приоритет, при тоа

обезбедувајќи соодветен третман и на културната понуда за другите возрасни и други слоеви на граѓанството.

Посебно место во односот на развојот на културата за младите преставува поддршка на културното творештво на младите и поддршка во афирмацијата на младите таленти во општината на локално, национално и меѓународно ниво.

## ОПШТИ И ОДДЕЛНИ ПРИОРИТЕТИ

Врз основа на целите што ги има културата во локалната заедница, се утврдуваат општите и одделните приоритети кои претставуваат основа на критериумите за поддршката на локалната самоуправа на културните програми и проекти.

1. **<u>Општи приоритети</u>**

а) Имплементација на децентрализацијата во културата,

б) Афирмирање на културниот идентитет на заедниците во општината,

в) Балансирана поддршка на културното творештво и културната презентација, на различноста на видовите - формите и содржините на културните програми и проекти, како и на целите на културата во Општината,

г) Поддршка на рационалноста и ефективноста во културните програми и проекти помеѓу различните субјекти на културниот живот,

д) Отвореноста и соработката на културен план со другите општини, на национално и меѓународно ниво.

2. **<u>Одделни приоритети</u>**

а) Поддршка на културните програми и проекти на професионалните установи во културата над институционално ниво на нивното програмско функционирање,

б) Поддршка на програми и проекти кои го негуваат фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности на локалната заедница,

в) Поддршка на културното творештво на младите, на младите таленти од Општината и културните програми и проекти наменети за младите,

г) Поддршка на културните манифестации во Општината (општински, национални и меѓународни) кои во значајна мерка ја афирмираат Општината и квалитетно ги имплементираат целите на културата во локалната заедница.

## КУЛТУРНИ ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ ОД ПОСЕБЕН ИНТЕРЕС НА ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

I. Приоритет во поддршката на локалната заедница - општината Куманово имаат културните програми и проекти кои ги етаблираат потврдените вредности во развојот на културата и во афирмацијата на културните вредности и културниот идентитет на Општината.

1. **<u>Културни манифестации</u>**

**<u>а) Меѓународни културни манифестации</u>**

- **Меѓународна книжевна манифестација „Мартовски есеи"**

  Се одржува во месецот март во организација на Друштво за наука и култура „Парадигма" - Куманово

- **Меѓународна ликовна колонија „Куманово‟.**

  Се одржува во август месец во организација на НУ Музеј Куманово, а од 2007 година во соорганизација со локалната самоуправа Куманово на локалитетот Меморијален Центар „АСНОМ" во с.Пелинце,

- **Меѓународна ликовна колонија „Карпино‟.**

  Се одржува во период јули - август во организација на Здружение на граѓани Мултимедијален Центар „Карпино" - Куманово, на локалитетот на манастирот „Карпино" .

- **Меѓународен Кумановски Џез Фестивал.**

  Се одржува во период август - септември во организација на здружение на граѓани „Кумановски Џез Фестивал" на Градскиот Плоштад Куманово,

- **Меѓународен фестивал на тамбурашки оркестри.**

  Се одржува во период август-септември во организација на Здружение на граѓани „Кумановски тамбураши" - Куманово,

- **Меѓународен театарски фестивал „Денови на комедија" .**

  Се одржува во месец октомври во организација на НУ Центар за Култура „Трајко Прокопиев" - Куманово.

- **Меѓународна изложба на уметничка фотографија .**

  Се одржува во месец октомври во организација на Народна техника - Куманово во Ликовниот салон на НУ Центар за Култура „Трајко Прокопиев" - Куманово,

**б) Културни манифестации на национално ниво**

- **Ромски фолклорен фестивал „Јекипе - Единство"**

  Се одржува по повод 8-ми Април, Светскиот ден на Ромите во организација на КУД „Рушид Шакир" во големата сала на НУ Центар за Култура „Трајко Прокопиев" - Куманово.

- **Фестивал на модерен балет „МАК-ДЕНС‟**

  Се одржува во месец јуни во организација на НУ Центар за Култура „Трајко Прокопиев‟ - Куманово.

- **Фестивал на трубачки оркестри од Република Македонија „Рома Труба Фест"**

  Се одржува во период септември-октомври во организација на КУД „Рушид Шакир‟ - Куманово на Градскиот Плоштад Куманово.

**в) Општински културни манифестации**

- **Манифестација „Бадникови свечености"**

  Се одржува на 6 - ти јануари во организација на Здружение на граѓани „Кумановски Коледари" .

- **Манифестација „Пивтијада"**

  Се одржува на 19-ти јануари, Водици, во организација на Здружение на граѓани Мултимедијален Центар „Карпино" - Куманово.

- **Манифестација Кумановски маскенбал „Батко Ѓорѓија"**

Се одржува во Април месец во организација на локалната самоуправа - Куманово со учество на училишната младина, на Градскиот Плоштад - Куманово.

- **Манифестација „Цветници - традиционален култ кон цвеќето‟**

  Се одржува на Цветници во организација на Организацијата на жени „Кумановка” Куманово.

- **Манифестација „Ден на просветните работници Албанци”**

  Се одржува по повод 7-ми март, Денот на просветните работници Албанци во организација на Здружение на граѓани - Сојуз на наставници Албанци - Куманово.

- **Манифестација „Светски Ден на книгата и авторското право”**

  Се одржува по повод 23-ти април, Светски ден на книгата и авторското право , во организација на ЈОУ - Библиотека „Тане Георгиевски” - Куманово.

- **Манифестација „Ден на сесловенските просветители”**

  Се одржува по повод 24-ти мај „Свети Кирил и Методиј” - Ден на сесловенските просветители во организација на Здружението на просветните работници - Куманово.

- **Манифестација „Кумановско културно лето”**

  Се одржува во период јули-август, во организација на локалната самоуправа - Куманово на отворените локации во градот (Комплекс „Стар Мерак” и други) со повеќе поединечни програмски содржини и во соорганизација со другите субјекти.

- **Манифестација „Месец на книгата ‟**

  Се одржува од 15-ти октомври до 15-ти ноември, во организација на ЈОУ - Библиотека „Тане Георгиевски” - Куманово со повеќе поединечни програмски содржини.

- **Манифестација „Тумба фест ‟**

  Фестивал на народни шегобијни песни. Организатор - Организационен одбор на фестивалот.

- **Манифестација „Средба на дувачки оркестри ‟**

  Фестивал на дувачки оркестри. Организатор - Дувачки оркестар „Илинден” - Куманово, Организационен одбор на фестивалот.

- **Манифестација Детски музички фестивал „Распеано детство ‟**

  Организатор - Организационен одбор на фестивалот.

- **Манифестација „Светосавски денови ‟**

  Културна манифестација . Организатор - Српска заедница во Македонија.

- **Манифестација „Пензионерите за својот град” и „Мајски ракувања‟**

  Традиционални манифестации на КУД „Ѓоко Симоновски‟. Организатор - Здружение на пензионерите - Куманово.

2. **<u>Други видови културни програми и проекти.</u>**

   Поддршка на локалната самоуправа се обезбедува на културно уметничкото творештво и културно уметничката презентација (поединечни програмски форми - концепти, претстави, изложби, промоции и слично) во Општината во областите на културата: музиката, сценската уметност, ликовната уметност,

литературата и културното наследсво (фолклорот, традицијата, обичаите и старите занаети) , а врз општите и одделните приоритети од оваа Програма.

3. **Спомен - обележја**

   Поддршка на локалната самоуправа се обезбедува на изградбата и одржувањето на спомен - обележјата, а врз посебна Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја. Со оваа Програма се уредува изградбата и одржувањето на спомен-обележјата во Општината (бисти, склуптури, плочи, чешми, фонтани, и други уметнички и архитектонски дела и творби) , што со своите содржини и ознаки одбележуваат настани и личности од историјата и културата на граѓаните во Општината од сите етнички припадности или од народната традиција, кои се од локално значење. Програмата за спомен-обележја се донесува за период од пет години.

4. **Институционална и финансиска поддршка на локалните установи во културата**

   Локалната самоуправа обезбедува институционална и финансиска поддршка на локалните установи во културата, врз основа на општите и посебните закони (Закон за културата, Закон за установите, Закон за библиотеките и др.) и законите и подзаконските акти кои ја утврдуваат оваа поддршка (Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Закон за Буџетите, Уредбите на Владата на РМ за блок и наменските дотации и др.) . Поддршка на локалните установи во културата се реализира врз посебните програми за овие установи и посебните буџетски ставки на Општината.

   Со оваа Програма се обезбедува поддршка на граѓаните и проектите на локалните и другите јавни установи од културата во Општината, кои се над нивото над нивната институционална поддршка утврдена со горецитираната регулатива, а кои се во согласност со принципите и целите, општите и одделните приоритети од оваа Програма.

## ФИНАНСИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

1. Финансиската поддршка на оваа Програма се обезбедува од Програмата К4 - културни манифестации и творештво на Буџетот на Општината.
2. За период од нејзината имплементација, Програмата е отворена, а новите содржини се утврдуваат со изменување и дополнување на Програмата.
3. Финансиската поддршка на поединечните програмски форми од насловот „Културни програми и проекти од посебен интерес на локалната заедница„, глава I, точка 2 - други видови културни програми и проекти на годишно ниво, се имплементира преку отворениот конкурс.
4. Општите и посебните критериуми за финансиската поддршка на културните програми и проекти од оваа Програма, како и начинот на нивната имплементација се утврдуваат со посебен акт.
5. Нацрт програмата се става на јавна расправа која ќе трае 75 дена, односно до 17.09.2009 година.

Бр.07-6283/3 — Совет на општина Куманово

02 јули 2009 година — Претседател,

К у м а н о в о — Виктор Цветковски